

САВО КОСТАДИНОВСКИ  : КОРИФЕЈ

(Посветена на Блаже Конески, првиот претседател на Друштвото на македонските писатели)

За навек

поздравено ќе е

семејството

на првите македонски писатели

и нивниот прв претседател

во времето

кога со зборовите

со тврдост на камен

ги поставиле темелите

за да се дооформи смислот

на нашето постоење.

Време

на кое многу времиња на иднината

ќе му се ѕвиваат

затоа што тоа време

засекогаш ќе има

широко отворени хоризонти

со поглед кон бескрајот -

та секој македонски писател

кој зачекорил по патот

поплочен со мајчини зборови

него го води

по сите патишта по светот.

Тоа е бродот

на чиј јарбол се вее

нашето книжевно послание.